# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 2 | Среда, 17 февруари 2016 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


**Содржина**

**Совет на општина Струмица:**


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 7. | **Одлука** за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 14 - општина Струмица, плански период 2015 – 2020 .. | 2 |
| 8. | **Одлука** за утврдување режим на сообраќај со обележување на паркинг простор за зонско паркирање на КП бр. 1728/1 КО Струмица ................................ | 3 |
| 9. | **Одлука** за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на спортско игралиште во с. Костурино ..... | 4 |
| 10. | **Одлука** за отпочнување на постапка за донесување на Локален акционен план за животна средина 2016 – 2022 година . | 5 |
| 11. | **Одлука** за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 18 даватели на јавни услуги во ЈОУДГ „Детска Радост” Струмица ...................... | 5 |
| 12. | **Одлука** за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 110 даватели на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец” Струмица …………………… | 6 |
| 13. | Одлука за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 24 даватели на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец” Струмица ............................. | 7 |
| 14. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7669/1 КО Струмица ........................... | 7 |
| 15. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 3660, дел од КП бр. 3661 и дел од КП бр. 3672 КО Дабиља ................................ | 8 |
| 16. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 452 КО Водоча . | 8 |
| 17. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 505 КО Муртино | 9 |
| 18. | **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 3042 КО Дабиља .................................................. | 10 |

19. **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 489/1 КО Просениково ........................................... 10

20. **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 110/1 КО Раборци .................................................. 11

21. **Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1218/1 и КП бр. 1217/2 КО Добрејци ................................ 12

22. **Методологија** за доделување на финансиска поддршка на програми на здруженија и фондации од Буџетот на општина Струмица ................................ 12

23. **Методологија** за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од буџетот на Општина Струмица .............................. 16

24. **Методологија** за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица ................................................ 20

25. **Методологија** за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства за тренери во спортските клубови на подрачјето на Општина Струмица ……………………… 23

26. **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2016 година .......... 25

27. **Решение** за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈП „Паркиралишта - Струмица” Струмица .... 26

28. **Решение** за разрешување и именување членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП “Паркиралишта - Струмица” Струмица ............................ 27

29. **Заклучок** за одложување на донесување Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7152/6 КО Струмица ........................... 27

30. **Заклучок** за одложување на донесување Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 6512/8 КО Струмица .......................... 28

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 14 - општина Струмица, плански период 2015 – 2020

Се објавува Одлуката за донесување на Измена и дополнување на етален урбанистички план за дел од Блок 14 - општина Струмица, плански период 2015 - 2020, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1093/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

**7.**

Врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за донесување на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 14 - општина Струмица, плански период 2015 - 2020**

Член 1

Се донесува Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Блок 14 - општина Струмица, плански период 2015 - 2020.

Член 2

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 14 - општина Струмица, плански период 2015 - 2020, е со површина од 6192,5 м² и со граничен опфат:

- Од северозападната страна со осовина на ул.„Бр. 5“ согласно ДУП за блок 14;
- Од североисточната страна со осовина на ул.„Бр. 1“ согласно ДУП за блок 14; и
- Од јужна страна со осовината на улица „Ѓорѓи Василев“.

Член 3

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 14 - општина Струмица, плански период 2015 - 2020, е изработен од Друштвото за просторни и урбанистички планови, инженеринг „Урбан“ доо - Штип со техн. број 192/14 од декември 2015 година и се состои од:

- текстуален дел и графички приказ на планските решенија на опфатот, како и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и инфраструктурата.

Член 4

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за дел од Блок 14 - општина Струмица, плански период 2015 - 2020, се заверува со потпис и печат на доносителот на планот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-1093/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

………………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување режим на сообраќај со обележување на паркинг простор за зонско паркирање на КП бр. 1728/1 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување режим на сообраќај со обележување на паркинг простор за зонско паркирање на КП бр. 1728/1 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1094/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**8.**

Врз основа на член 348 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15 и 226/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување режим на сообраќај со обележување на паркинг простор за зонско паркирање на КП бр. 1728/1 КО Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува режимот на сообраќај со обележување на паркинг простор за зонско паркирање на КП бр. 1728/1 КО Струмица.

Член 2

Режимот на сообраќајот со обележување на паркинг простор за зонско паркирање од член 1 од оваа Одлука ќе биде уреден врз основа на Основен сообраќаен проект, изработен од ДП „Проценител - НС“ ДОО, Струмица со техн. бр. 015/119 од декември 2015 година.

Режимот на сообраќајот со обележување на паркинг простор за зонско паркирање ќе се уредува и утврдува по однос на начинот на паркирање на патничките моторни возила за сите граѓани (физички и правни лица) и патничките моторни возила на лицата со инвалидитет

Член 3

На површината за паркирање на КП бр. 1728/1 КО Струмица се обезбедени вкупно 24 паркинг места, од кои 18 (осумнаесет) паркинг места се паркирање под агол од 45°, 5 (пет) паркинг места се паркирање под агол од 60° и 1 (едно) паркинг место за лица со инвалидитет.

Регулирањето на сообраќајот ќе се изврши согласно Правилникот за сообраќајните знаци, опрема и сигнализација на патот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/10, 31/11, 74/11 и 117/12) и тоа:

а) Вертикална сообраќајна сигнализација:

- 2 броја знак „Паркиралиште“ (325.1),
- 1 број знак „Дополнителна табла Зона Б“ (510.4),
- 1 број знак „Дополнителна табла – резервирано за возила на инвалиди“ (511),
- 2 броја знак „Информативна табла - содржини за зонско паркирање“ (621),
- 2 броја знак „Задолжително запирање“ (202),
- 2 броја знак „Забрана за запирање и паркирање“ (236),
- 1 број знак „Пат со еднонасочен сообраќај“ (305),
- 1 број знак „Забрана за сообраќај во една насока“ (205), и
- 1 број знак „Ограничување на брзината (10)“ (235).

б) Хоризонтална сообраќајна сигнализација: обележувањето на коловозот и другите површини ќе се изврши со бели хоризонтални ознаки – паркинг места со површина од 6,5 м² и жолти хоризонтални ознаки со површина од 1,5 м².

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1094/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…………...........……………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на спортско игралиште во с. Костурино

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на спортско игралиште во с. Костурино, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1095/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................................

**9.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на спортско игралиште во с. Костурино**

Член 1

Инвеститорот Агенција за млади и спорт се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за изградба на спортско игралиште на КП бр. 4139 КО Костурино.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1095/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за отпочнување на постапка за донесување на Локален акционен план за животна средина 2016 – 2022 година

Се објавува Одлуката за отпочнување на постапка за донесување на Локален акционен план за животна средина 2016 – 2022 година, донесена на

седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1096/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**10.**

Врз основа на член 61 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 192/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за отпочнување на постапка за донесување на Локален акционен план за животна средина 2016 – 2022 година**

Член 1

Се задолжува Секторот за локален економски развој и заштита на животната средина при Општина Струмица да ја извести јавноста за сите предлози за изработување и донесување на Локалниот акционен план за животна средина 2016 – 2022 година, по пат на јавни известувања или на друг соодветен начин, како што се електронските и печатените медиуми, како и да и овозможи на јавноста пристап до информации за предлозите во постапката за изработка на Локалниот акционен план за животна средина 2016 – 2022 година.

Член 2

Се формира Локален управен комитет во состав:

1. Добре Јакимов – Доктор по земјоделски науки,
2. Славе Георгиев - Професор по биологија,
3. Наќе Туфекчиев - Доктор микро-биолог,
4. Ристо Чивчиев – Дипломиран агроном инженер, и
5. Митко Шопов – Дипломиран шумарски инженер,

кој има обврска да ја организира работата и да раководи со тимовите по одредени области и ќе го координира учеството на јавноста во постапката на изработка на Локалниот акционен план за животна средина 2016 – 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1096/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 18 даватели на јавни услуги во ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица

Се објавува Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 18 даватели на јавни услуги во ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1097/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**11.**

Врз основа на член 22 став 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 18 даватели на јавни услуги во ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица**

Член 1

Се дава согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 18 даватели на јавни услуги во ЈОУДГ „Детска Радост“

Струмица, поради привремено зголемен обем на работа.

Член 2

Се одобрува склучување на договорите за вработување на определено време помеѓу ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица и 18 даватели на јавни услуги.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1097/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………..………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 110 даватели на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец“ Струмица

Се објавува Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 110 даватели на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец“ Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1098/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................................

**12.**

Врз основа на член 22 став 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 110 даватели на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец“ Струмица**

Член 1

Се дава согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 110 даватели на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец“ Струмица, поради привремено зголемен обем на работа.

Член 2

Се одобрува склучување на договорите за вработување на определено време помеѓу ЈПКД „Комуналец“ Струмица и 110 даватели на јавни услуги.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1098/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

………………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 24 даватели на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец“ Струмица

Се објавува Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 24 даватели на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец“ Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1099/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................................

**13.**

Врз основа на член 22 став 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 24 даватели на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец“ Струмица**

Член 1

Се дава согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време на 24 даватели на јавни услуги во ЈПКД „Комуналец“ Струмица, поради привремено зголемен обем на работа.

Член 2

Се одобрува склучување на договорите за вработување на определено време помеѓу ЈПКД „Комуналец“ Струмица и 24 даватели на јавни услуги.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1099/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7669/1 КО Струмица

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7669/1 КО Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1100/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**14.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7669/1 КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, станбена куќа, кој се наоѓа на КП бр. 7669/1 КО Струмица во сопственост на Јордан Николов.

Според ДУП за Блок 25, објектот на КП бр. 7669/1 КО Струмица, се наоѓа во зона со намена заштито зеленило, на земјиште сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1100/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина

Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 3660, дел од КП бр. 3661 и дел од КП бр. 3672 КО Дабиља

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 3660, дел од КП бр. 3661 и дел од КП бр. 3672 КО Дабиља, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1101/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...............................................

**15.**
Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 3660, дел од КП бр. 3661 и дел од КП бр. 3672 КО Дабиља**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, помошен објект, кој се наоѓа на КП бр. 3660, дел од КП бр. 3661 и дел од КП бр. 3672 КО Дабиља, во сопственост на Жан Филев.

Според УП на село Дабиља, објектот на КП бр. бр. 3660, дел од КП бр. 3661 и дел од КП бр. 3672 КО Дабиља, се наоѓа во зона со намена заштитно зеленило, на земјиште сопственост на Република Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1101/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

...............................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 452 КО Водоча

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 452 КО Водоча, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1102/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................................

**16.**
Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 452 КО Водоча**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправниот објект, помошен објект, кој се наоѓа на КП бр. 452 КО Водоча, во сопственост на лицето Раде Велков.

Објектот на КП бр. 452 КО Водоча, согласно УП за с. Водоча, се наоѓа вон градежниот опфат, на земјиште сопственост на Раде Велков.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1102/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 505 КО Муртино

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 505 КО Муртино, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1103/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

**17.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 505 КО Муртино**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправните објекти, станбена куќа и помошен објект, кои се наоѓаат на КП бр. 505 КО Муртино, во сопственост на Ванчо Горгиев.

Објектите на КП бр. 505 КО Муртино, согласно УП за с. Муртино, се наоѓаат вон градежниот опфат, на земјиште сопственост на Ванчо Горгиев.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1103/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 3042 КО Дабиља

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 3042 КО Дабиља, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1104/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................................

**18.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 3042 КО Дабиља**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправните објекти, станбена куќа и помошен објект, кои се наоѓаат на КП бр. 3042 КО Дабиља, во сопственост на Ристо Велков.

Објектите на КП бр. 3042 КО Дабиља, согласно УП за с. Дабиља, се наоѓаат надвор од градежниот опфат, на земјиште сопственост на Ристо Велков.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1104/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 489/1 КО Просениково

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 489/1 КО Просениково, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1105/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...........................................

**19.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 489/1 КО Просениково**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и вкопување на бесправните објекти, станбена куќа и помошен објект, кои се наоѓаат на КП бр. 489/1 КО Просениково, во сопственост на лицето Мите Митевски.

Објектите на КП бр. 489/1 КО Просениково, согласно УП за с. Просениково, се наоѓаат надвор од градежниот опфат, на земјиште сопственост на Мите Митевски.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1105/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 110/1 КО Раборци

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 110/1 КО Раборци, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1106/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..........................................

**20.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 110/1 КО Раборци**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправниот објект, викенд куќа, кој се наоѓа на КП бр. 110/1 КО Раборци, во сопственост на Радован Кузманоски.

Објектот на КП бр. 110/1 КО Раборци, согласно ГУП за град Струмица, се наоѓа надвор од градежниот опфат, на земјиште сопственост на Република Македонија – корисник ЈП Македонски Шуми - Беласица.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1106/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

.....................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1218/1 и КП бр. 1217/2 КО Добрејци

Се објавува Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1218/1 и КП бр. 1217/2 КО Добрејци, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1107/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………………….

**21.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат за КП бр. 1218/1 и КП бр. 1217/2 КО Добрејци**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за проширување на плански опфат и вклопување на бесправниот објект, станбен објект, кој се наоѓа на КП бр. 1218/1 и КП бр. 1217/2 КО Добрејци, во сопственост на Миле Тасев.

Објектот на КП бр. 1218/1 и КП бр. 1217/2 КО Добрејци, согласно УП за с. Добрејци, се наоѓа надвор од градежниот опфат, на земјиште сопственост на Миле Тасев.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-1107/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

…………………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Методологијата за доделување на финансиска поддршка на програми на здруженија и фондации од Буџетот на општина Струмица

Се објавува Методологијата за доделување на финансиска поддршка на програми на здруженија и фондации од Буџетот на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1108/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...........................................

**22.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**М е т о д о л о г и ј а**
**за доделување на финансиска подршка на програми на здруженија и фондации од Буџетот на општина Струмица**

Со оваа Методологија се утврдуваат критериумите, начинот и постапката за распределба на средствата од Буџетот на Општина Струмица наменети за поддршка на програми на здруженија и фондации кои ги покриваат обласитите на социјална заштита.

**ПРИМАТЕЛИ НА СРЕДСТВАТА**

Буџетските средства се распределуваат на здруженија и

фондации кои се регистрирани според Законот за здруженија и фондации во Република Македонија, со седиште во општина Струмица без разлика дали се новоформирани или со искуство.

**ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТНИТЕ ОБЛАСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА**

Средствата планирани од Буџетот на општината од ставката **„ V2 - Социјална заштита - Трансфер до НВО“** се наменети за поддршка на програми на здруженија и фондации кои придонесуваат за постигнување на целите утврдени во стратешките документи, програми и планови на општината.

**ЈАВЕН ПОВИК**

Распределба на средства за поддршка на годишните програми на здруженија и фондации се врши врз основа на јавен повик (во натамошниот текст: повик), објавен од страна на градоначалникот преку Одделението за ЛЕР за доделување на средства на здруженија и фондации, на веб страницата на општината и во средствата за јавно информирање. (Анекс 1: Јавен повик) Јавниот повик се објавува на почетокот на календарската година (јануари/ февруари) или најдоцна два месеци по усвојувањето на буџетот на општината. Планиран термин за реализација на проектите е од април до октомври во тековната година.

Секое здружение или фондација кое се јавува на јавниот повик може да бара финансиски средства за поддршка само за активностите планирани во годишната програма за работа на организацијата и тоа најмногу 250.000 денари и најмалку 60.000 денари за поддршка на активности од годишната програма за работа.

Повикот ги содржи најмалку следните елементи:

- Приоритетни области и цели;
- Основни организациски критериуми;
- Временска рамка за спроведување на проектите;
- Вкупно предвидени/достапни средства
- Потребна документација за пријавување (Анекс 2: Пријава);
- Рок за поднесување на пријавите кој не може да биде помал од 15 дена од денот на објавување на огласот;
- Рок кога ќе се објават резултатите;
- Адреса на која треба да се испратат документите.

Пријавите со непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

**ПОСТАПКА ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

**КОМИСИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Стручна оценка и избор на здруженија и фондации на кои се доделуваат буџетски средства се врши од страна на Комисија за јавни повици (во понатамошниот текст Комисија) формирана од страна на Градоначалникот на општината. Комисијата ја сочинуваат три члена и нивни заменици. Во комисијата учествуваат по два претставника од општинската администрација, одделение за ЛЕР во чија надлежност е работата со здруженијата на граѓани и еден претставник од здруженија/фондации. Комисијата ја именува градоначалникот на општина Струмица.

Претставникот од здруженија/ фондации е делегиран од самите организации кои делуваат во општина Струмица. На состанок на грѓанските здруженија и фондации избираат претставник од граѓанските здруженија и фондации и негов заменик. Мандатот на комисијата е 2 години, со право на реизбор.

Комисијата ги има следниве надлежности:

1. Ги разгледува годишните програми на здруженијата и фондациите;
2. Избира годишни програми кои се предложени за финансирање или кофинансирање;
3. Изготвува записник и доставува до градоначалникот предлог бодовна листа со предлог финансиска поддршка согласно усвоените бодови,и
4. Ја следи реализацијата на проектите и известува преку Секторот за ЛЕР, заштита на животна средина, меѓународна соработка и европски фондови до Градоначалникот и Советот на општина Струмица.

Во случај на судир на интереси, односно кога подносителот на проектот е член на Комисијата или е вработен во институцијата, или на било кој друг начин е вклучен или поврзан со активности поврзани со предложената годишна програма, како член на Комисијата е должен да ги извести другите членови на Комисијата, по што се исклучува од дискусијата и гласањето по годишната

програма каде се појавува таквиот судир на интереси, а на негово место се вклучува неговиот заменик.

Општината ги објавува резултатите од огласот, како и целосниот извештај за распределените средства за календарската година на својата веб страна.

**ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Одлуката за распределба на средствата ја донесува Градоначалникот на општина Струмица врз основа на предлогот од Комисијата за распределба на средства за здруженија и фондации, по спроведена евалуацијата на годишните програми врз основа на утврдени критериуми.

Во случај кога две или повеќе програми добиваат ист број на поени, а средства кои се на располагање не се доволни за нивно финансирање, средствата ќе бидат подеднакво распределени согласно бодовната листа. Проценка на квалитетот на годишната програма ќе се врши во согласност со критериумите утврдени и дадени во табелата за евалуација.

Во рок од најмногу 7(седум), дена по истекот на предвидениот рок за доставување на пријавите, Комисијата врши проценка и оценување на пристигнатите пријави по утврдените критериуми. Комисијата го задржува правото да не ги додели сите предвидени средства, доколку врз основа на доставените апликации, увиди дека квалитетот на програмите не е на задоволително ниво, т.е. доколку поголем дел од проектите не ги задоволуваат критериумите за финансирање.

Секое здружение или фондација од вкупната предвидена сума за соодветната програма добива процент од побараниот буџет согласно освоените бодови од апликацијата[1].

( [1].пр. доколку проектот добил 100 бодови ќе биде финансиран со 100 %; доколу добие 80 бода ќе се финансира со 80% од вкупниот буџет).

Годишните програми кои не освоиле најмалку 51 бод нема да се земаат во предвид при распределба на средствата. Доколку се утврди поголем број на здруженија со освоени поголем број бодови и во тој случај утврдените средства бидат потрошени, тогаш Здруженијата или фондациите со помал број освоени поени не добиваат средства од предвидениот проектен фонд.

**КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА**

Критериумите за распределба на средствата овозможуваат да се оцени квалитетот на доставените програми врз основа на предложените утврдени приоритетни области, а средствата да се одобрат врз основа на активностите кои го максимизираат општиот ефект на самиот повик за поднесување на годишни програми. Критериумите се однесуваат на усогласеноста на програмата со целите на повикот и приоритетните области, квалитетот на програмата, финансискиот и оперативниот капацитет на организацијата, очекуваните резултати, рационалност на бараните финансиски средства.

За оценување на проектите врз основа на критериумите се користи бодување за секој од критериумите.

**СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ**

Комисијата за одлучување на состанок заеднички доделува бодови за секој од критериумите одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на поени од сите критериуми. Максимум бодови што еден проект може да добие е 100 бода.

Рангирањето на предлог проектите се врши на тој начин што првопласиран предлог проект е оној кој има најголем вкупен број на поени, потоа следи предлог проектот со понискиот број на вкупни поени и така до најнискиот број на вкупни поени.

**Критериумите за оценување на проектите се дадени во табелата:**

| Ред. Бр. | Критериум | Бодови |
|---|---|---|
| **1** | **Капацитет на организацијата** | **10** |
| 1.1 | Референтна листа на проекти | 5 |
| 1.2 | Приложени биографии на клучен персонал | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| **2** | **Квалитет на програмата** | **70** |
| 2.1 | Релевантност на програмата за раобта (колку целите на програмата кореспондираат со стратешките документи на општината) | 10 |
| 2.2 | Анализа и актуелност на идентификуваните проблеми | 15 |
| 2.3 | Колку резултатите од активностите се остварливи и мерливи | 5 |
| 2.4 | Родова еднаквост | 5 |
| 2.5 | Ефекти во средината (влијание врз целните групи и корисниците) | 20 |
| 2.6 | Видливост на проектот и негова одржливост (медиумска покриеност, број на обучени луѓе итн.) | 15 |
| **3** | **Буџет** | **20** |
| 3.1 | Дали буџетот соодветствува со планираните активности и со пазарните цени | 10 |
| 3.2 | Дали е соодветен соодносот на буџетот (човечки ресурси – максимум 30%; директни трошоци – максимум 60 % и индиректни трошоци максимум 10% од буџетот) | 10 |
| | **ВКУПНО** | **100** |

Врз основа на освоените бодови, здружението/ фондацијата добива соодветен процент од побараниот износ, односно колку бодови има освоено, толкав процент од побараниот буџет ќе добие здружанието/ фондацијата согласно расположивите средства.

**УСЛОВИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ПОСЛЕ ОДОБРУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА**

**СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

По донесување на одлуката за доделување на средствата и после јавното објавување, Општина Струмица и здружението/ фондацијата кое има добиено финансиски средства, во рок од 15 дена од денот на одлуката, склучуваат договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски. (Анекс 3: Договор за распределба на средства).

Доколку финансиската реализација на грантот не започне најдоцна 15 дена од утврдениот термин за почеток, а за причината Носителот на проектот не го извести давателот на грантот писмено, ќе се смета дека носителот се откажал од користењето на грантот со што важноста на договорот престанува.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ**

Добиените средства во рамките на севкупниот планиран буџет на проектот ќе бидат префрлени на сметка на Носителот на проектот и тоа: првата рата во висина од 40% од одобрениот буџет во рок од 15 дена по потпишувањето на договорот. Втората рата во висина од 40% по доставувањето на периодичен наративен извештај и последната рата од 20% по поднесување и одобрување на завршен наративен и финансиски извештај.

Извештаите и барањата за плаќање се доставуваат исклучиво до архива на Општина Струмица, Сектор за ЛЕР, заштита на животна средина, меѓународна соработка и европски фондови на адреса: ул. Благој Јанков Мучето бб, Дом на АРМ, Струмица.

Здруженијата или фондациите кои имаат добиено финансиски средства за поднесените годишни програми, поднесуваат наративен извештај за текот на реализација на програмата и барање за плаќање за втората транша на средства и завршен наративен извештај за реализација на целокупната програма со финансиски извештај само за средствата одобрени од буџетот на општина Струмица, програма V2 – Социјална заштита – Трансфер до НВО, до Комисијата најдоцна до 10 ноември од тековната година.

Обрасците за наративен и финансиски извештај ќе се достават до поддржаните здруженија и фондации во електронска форма после потпишувањето на договорот. (Анекс 4 Образец за наративен и финансиски извештај и Анекс 5: Барање за плаќање)

**СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА**

Имплементацијата на годишните програми ќе ја следи Комисијата за распределба на средства. Набљудувањето вклучува посети на терен на однапред најавени активности во рамките на годишната програма.

Комисијата исто така спроведува постапка за оценка на користењето на распределените средства и за постигнатите резултати од поддржаните активности врз основа на поднесените извештаи од здруженијата и фондациите. Комисијата поднесува писмен извештај за користењето на распределените средства и постигнатите резултати од поддржаните годишни програми до Советот на општина Струмица.

Доколку во текот на реализацијата на активностите од годишната програма се утврди дека добиените средства не се користат во согласност со договорот за спроведување, ќе се бара да се вратат примените средства.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Методологија влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1108/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Методологијата за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од Буџетот на општина Струмица

Се објавува Методологијата за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од буџетот на општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1109/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………………………

**23.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**М е т о д о л о г и ј а**
**за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од буџетот на општина Струмица**

Со оваа Методологија се утврдуваат критериумите, начинот и постапката за распределба на средствата од Буџетот на Општина Струмица наменети за поддршка на проекти на здруженија и фондации.

**ПРИМАТЕЛИ НА СРЕДСТВАТА**

Буџетските средства се распределуваат на здруженија и фондации кои се регистрирани според Законот за здруженија и фондации во Република Македонија, со седиште во општина Струмица без разлика дали се новоформирани или со искуство.

**ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТНИТЕ ОБЛАСТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА**

Средствата планирани од Буџетот на општината од ставката Г1 – Трансфер до НВО се наменети за поддршка на проекти на здруженија и фондации кои придонесуваат за постигнување на целите утврдени во стратешките документи, програми и планови на општината.

**ЈАВЕН ПОВИК**

Распределба на средства за проекти на здруженија и фондации се врши врз основа на јавен повик (во натамошниот текст: повик), објавен од страна на Градоначалникот преку Одделението за ЛЕР за доделување на средства на здруженија и фондации, на веб страницата на општината и во средствата за јавно информирање. (Анекс 1: Јавен повик) Јавниот повик се објавува на почетокот на календарската година (јануари/ февруари) или најдоцна два месеци по усвојувањето на буџетот на

општината. Планиран термин за реализација на проектите е од април до октомври во тековната година.

Секое здружение или фондација кое се јавува на јавниот повик може да бара најмногу 250.000 денари и најмалку 60.000 денари за поддршка на проектот со кој се пријавува.

Повикот ги содржи најмалку следните елементи:

- Приоритетни области и цели
- Основни организациски критериуми
- Посебни проектни критериуми
- Временска рамка за спроведување на проектите
- Вкупно предвидени/достапни средства
- Висина на достапни средства за поединечен проект
- Потребна документација за пријавување (Анекс 2: Пријава)
- Рок за поднесување на пријавите кој не може да биде помал од 15 дена од денот на објавување на огласот
- Рок кога ќе се објават резултатите
- Адреса на која треба да се испратат документите

Пријавите со непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Здруженијата и фондациите на повикот можат да настапуваат самостојно со најмногу 2 проекти или партнерски преку заеднички проектни активности, но од предложените проекти само еден може да биде финансиски поддржан.

**ПОСТАПКА ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ**

**КОМИСИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Стручна оценка и избор на здруженија и фондации на кои се доделуваат буџетски средства се врши од страна на Комисија за јавни повици (во понатамошниот текст Комисија) формирана од страна на Градоначалникот на општината. Комисијата ја сочинуваат три члена и нивни заменици. Во комисијата учествуваат по два претставника од општинската администрација, одделение за ЛЕР во чија надлежност е работата со здруженијата на граѓани и еден претставник од здруженија/фондации. Комисијата ја именува градоначалникот на општина Струмица.

Претставникот од здруженија/ фондации е делегиран од самите организации кои делуваат во општина Струмица. На состанок на грѓанските здруженија и фондации избираат претставник од граѓанските здруженија и фондации и негов заменик. Мандатот на комисијата е 2 години, со право на реизбор.

Комисијата ги има следниве надлежности:

- Ги разгледува апликациите за предлог проектите на здруженијата и фондациите;
- Избира проекти кои се предложени за финансирање или кофинансирање;
- Изготвува записник и доставува до градоначалникот предлог бодовна листа со предлог финансиска поддршка согласно усвоените бодови, и
- Ја следи реализацијата на проектите и известува преку Секторот за ЛЕР, заштита на животна средина, меѓународна соработка и европски фондови до Градоначалникот и Советот на општина Струмица.

Во случај на судир на интереси, односно кога подносителот на проектот е член на Комисијата или е вработен во институцијата, или на било кој друг начин е вклучен или поврзан со активности поврзани со проектот, како член на Комисијата е должен да ги извести другите членови на Комисијата, по што се исклучува од дискусијата и гласањето по предлогот на проектот каде се појавува таквиот судир на интереси, а на негово место се вклучува неговиот заменик.

Општината ги објавува резултатите од огласот, како и целосниот извештај за распределените средства за календарската година на својата веб страна.

По донесувањето на одлуката од страна на Градоначалникот на општината за распределба на финансиските средства, Комисијата е должна во рок од 5 (пет) дена по донесувањето на одлуката, пред потпишувањето на договорот да направи усогласување на активностите на проектите согласно добиената финансиска поддршка со сите приматели на средствата.

**ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Одлуката за распределба на средствата ја донесува Градоначалникот на општина Струмица врз основа на предлогот од Комисијата за распределба на средства за здруженија и фондации, по спроведена евалуацијата на проектот врз основа на утврдени критериуми. Во случај кога два или повеќе проекти добиваат ист број на поени, а средства кои се на

располагање не се доволни за нивно финансирање, средствата ќе бидат подеднакво распределени согласно бодовната листа.

Проценка на квалитетот на проектот, вклучувајќи го предложениот буџет, ќе се врши во согласност со критериумите утврдени и дадени во табелата за евалуација.

Во процесот на одобрување на проектите во насока на сугестии, дообјаснувања на одредени работи наведени во проектната апликација, апликантите можат да бидат повикани за презентација пред членовите на Комисијата. Комисијата може да ги повика апликантите кои се со слични теми да соработуваат на заеднички иницијативи.

Во рок од најмногу 7 (седум), дена по истекот на предвидениот рок за доставување на пријавите, Комисијата врши проценка и оценување на пристигнатите пријави по утврдените критериуми. Комисијата го задржува правото да не ги додели сите предвидени средства, доколку врз основа на доставените апликации, увиди дека квалитетот на проектите не е на задоволително ниво, т.е. доколку поголем дел од проектите не ги задоволуваат критериумите за финансирање.

Секое здружение или фондација од вкупната предвидена сума за соодветната програма добива процент од вкупниот буџет на самиот проект согласно освоените бодови од апликацијата[1]. Проектите кои не освоиле најмалку 51 бод нема да се земаат во предвид при распределба на средствата. Доколку се утврди поголем број на здруженија со освоени поголем број бодови и во тој случај утврдените средства бидат потрошени, тогаш Здруженијата или фондациите со помал број освоени поени не добиваат средства од предвидениот проектен фонд.

КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

Критериумите за распределба на средствата овозможуваат да се оцени квалитетот на доставените проекти врз основа на предложените утврдени приоритетни области, а средствата да се одобрат врз основа на активностите кои го максимизираат општиот ефект на самиот повик за поднесување на прелог проекти. Критериумите се однесуваат на значењето на предлог проектот, усогласеноста со целите на повикот и приоритетните области, квалитетот на проектот, финансискиот и оперативниот капацитет на организацијата, очекуваните резултати, одржливоста на проектот, рационалност на бараните финансиски средства.

За оценување на проектите врз основа на критериумите се користи бодување за секој од критериумите.

**СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ**

Комисијата за одлучување на состанок заеднички доделува бодови за секој од критериумите одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на поени од сите критериуми. Максимум бодови што еден проект може да добие е 100 бода.

Рангирањето на предлог проектите се врши на тој начин што првопласиран предлог проект е оној кој има најголем вкупен број на поени, потоа следи предлог проектот со понискиот број на вкупни поени и така до најнискиот број на вкупни поени.

( [1].пр. доколку проектот добил 100 бодови ќе биде финансиран со 100 %; доколу добие 80 бода ќе се финансира со 80% од вкупниот буџет.)

**Критериумите за оценување на проектите се дадени во табелата:**

| Ред. Бр. | Критериум | Бодови |
|---|---|---|
| **1** | **Капацитет на организацијата** | **15** |
| 1.1 | Референтна листа на проекти | 5 |
| 1.2 | Приложени биографии на клучен персонал | 5 |
| 1.3 | Релевантно искуство (искуство во имплементација на слични проекти) | 5 |
| **2** | **Квалитет на проектот** | **65** |
| 2.1 | Релевантност на акцијата (колку целите кореспондираат со стратешките документи на општината) | 10 |
| 2.2 | Анализа и актуелност на проблемот | 15 |
| 2.3 | Колку резултатите од активностите се остварливи и мерливи | 5 |
| 2.4 | Родова еднаквост | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.5 | Ефекти во средината (влијание врз целните групи и корисниците) | 15 |
| 2.6 | Видливост на проектот и негова одржливост (медиумска покриеност, број на обучени луѓе итн.) | 15 |
| **3** | **Буџет** | **20** |
| 3.1 | Дали буџетот соодветствува со планираните активности и со пазарните цени | 10 |
| 3.2 | Дали е соодветен соодносот на буџетот (човечки ресурси – максимум 30%; директни трошоци – максимум 60 % и индиректни трошоци максимум 10% од буџетот) | 10 |
| | **ВКУПНО** | **100** |

Врз основа на освоените бодови, здружението/ фондацијата добива соодветен процент од побараниот износ, односно колку бодови има освоено, толкав процент од побараниот буџет ќе добие здружението/ фондацијата согласно расположивите средства.

**УСЛОВИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ПОСЛЕ ОДОБРУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА**

**СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

По донесување на одлуката за доделување на средствата и после јавното објавување, Општина Струмица и здружението/ фондацијата кое има добиено финансиски средства, во рок од 15 дена од денот на одлуката, склучуваат договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски. При склучувањето на договорот, здруженијата и фондациите кои имаат ревидиран буџет доставуваат ревидирана проектна апликација и буџет согласно одобрените средства. (Анекс 3: Договор за распределба на средства).

Доколку финансиската реализација на грантот не започне најдоцна 15 дена од утврдениот термин за почеток, а за причината Носителот на проектот не го извести давателот на грантот писмено, ќе се смета дека носителот се откажал од користењето на грантот со што важноста на договорот престанува.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ**

Добиените средства во рамките на севкупниот планиран буџет на проектот ќе бидат префрлени на сметка на Носителот на проектот и тоа: првата рата во висина од 40% од одобрениот буџет во рок од 15 дена по потпишувањето на договорот. Втората рата во висина од 40% по доставувањето на периодичен наративен извештај и последната рата од 20% по поднесување и одобрување на завршен наративен и финансиски извештај.

Извештаите и барањата за плаќање се доставуваат исклучиво до архива на Општина Струмица, Сектор за ЛЕР, заштита на животна средина, меѓународна соработка и европски фондови на адреса: ул. Благој Јанков Мучето бб, Дом на АРМ, Струмица.

Здруженијата или фондациите кои имаат добиено финансиски средства за поднесениот проект, поднесуваат наративен извештај за реализација на проектот и барање за плаќање за втората транша на средства и завршен наративен извештај за реализација на проектот со финансиски извештај до Комисијата најдоцна до 10 ноември од тековната година.

Обрасците за наративен и финансиски извештај ќе се доставaт до поддржаните здруженија и фондации во електронска форма после потпишувањето на договорот. (Анекс 4 Образец за наративен и финансиски извештај и Анекс 5: Барање за плаќање)

**СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ**

Имплементацијата на проектите ќе ја следи Комисијата за распределба на средства. Комисијата врз основа на планот за мониторинг доставен од здруженијата корисници на средства ќе врши мониторинг на имплементацијата на проектите. Набљудувањето вклучува посети на терен на однапред најавени активности во рамките на проектот.

Комисијата исто така спроведува постапка за оценка на користењето на распределените средства и за постигнатите резултати од поддржаните активности врз основа на поднесените извештаи од здруженијата и фондациите. Комисијата поднесува писмен извештај за користењето на распределените средства и постигнатите резултати од поддржаните проекти до Советот на општина Струмица.

Доколку во текот реализацијата на проектот се утврди дека добиените средства не се користат во согласност со договорот за спроведување на одобрениот проект, ќе се бара да се вратат примените средства.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Методологија влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-1109/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

………………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица

Се објавува Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1110/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

....................................

**24.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**М е т о д о л о г и ј а**
**за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица**

Со оваа Методологија се утврдуваат критериумите, начинот и постапката за распределба на средствата од Буџетот на Општина Струмица до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица.

**ПРИМАТЕЛИ НА СРЕДСТВАТА**

Буџетските средства се распределуваат на спортските клубови кои се делат на 3 (три) групи и тоа:

- Фудбал;
- Кошарка, одбојка и ракомет;
- Останати спортови (боречки спортови, риболовни и ловечки друштва, планинарство, алпинизам, пинг – понг, тенис, атлетика, мото спортови, стрелаштво и др.).

Средствата планирани од Буџетот на општината од ставката L0 – Спорт се наменети за поддршка на спортот во Општина Струмица.

**ЈАВЕН ПОВИК**

Распределба на средства до спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица се врши врз основа на јавен повик (во натамошниот текст: повик), објавен од страна на Градоначалникот преку Одделението за јавни дејности за доделување на средства до спортските клубови/здруженија и други правни лица во областа на спортот од Општина Струмица, на веб страницата на општината и во средствата за јавно информирање. Јавниот повик се објавува на почетокот на календарската година (јануари до март).

Јавниот повикот содржи:

- Комплетна документација од извршена регистрација на клубот/здружението;
- Годишна програма за работа
- Извештај за потрошените средства добиени од Општина Струмица за претходната година;
- Формулар за аплицирање (кој може да се подигне од Општина Струмица или од ВЕБ страната на општината)
- Рок за поднесување на пријавите кој не може да биде помал од 8 дена од денот на објавување на огласот

Пријавите со непотполна документација или по истекот на определниот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Клубовите/здруженијата за кои е одредена дотација од Програмата за активностите на општина Струмица во областа на спорт и млади немаат право да аплицираат на јавниот повик:

**ПОСТАПКА ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ДО СПОРТСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ОД ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**КОМИСИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Стручна оценка и избор на клубови/здруженија на кои се доделуваат буџетски средства се врши од страна на Комисија за јавни повици (во понатамошниот текст Комисија) формирана од страна на Градоначалникот на општината. Комисијата ја сочинуваат три члена и нивни заменици. Во комисијата учествуваат претставници од општинската администрација. Комисијата ја именува градоначалникот на општина Струмица.

Мандатот на комисијата е 1 година, со право на реизбор.

Комисијата ги има следниве надлежности:

- Ги разгледува годишните програми на клубовите/здруженијата;
- Избира годишни програми кои се предложени за финансирање или кофинансирање;
- Изготвува записник и доставува до градоначалникот предлог бодовна листа со предлог финансиска поддршка согласно усвоените бодови, за донесување на одлука и
- Во зависност од бројот на екипи кои ќе се пријават на јавниот повик има право да префрла средства од една во друга група,
- Го задржува правото да отфрли некоја екипа и да не ја вметне во распределбата доколку се појават некакви нелогичности.

Општината ги објавува резултатите од огласот, како и целосниот извештај за распределените средства за календарската година на својата веб страна.

**ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Одлуката за распределба на средствата ја донесува Градоначалникот на општина Струмица врз основа на предлог од Комисијата за распределба на средства, по спроведена евалуацијата на годишните програми врз основа на утврдени критериуми.

Во рок од најмногу 8 (осум), дена по истекот на предвидениот рок за доставување на пријавите, Комисијата врши проценка и оценување на пристигнатите пријави по утврдените критериуми. Комисијата го задржува правото да не ги додели сите предвидени средства, доколку врз основа на доставените апликации, увиди дека е помал бројот на пријавените спортски клубови/здруженија од предвиденото.

**СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ**

Комисијата за одлучување, на состанок заеднички доделува бодови за секој од критериумите одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на поени од сите критериуми.

**Критериумите за оценување се дадени во табелите:**

Оценување Група 1 - Фудбал
3 критериуми

| I - Првенство | поени |
|---|---|
| - Прва лига | 40 |
| - Втора лига | 30 |
| - Трета лига | 20 |
| - Општинска лига | 10 |
| - Турнирски/младински | 5 |

| II - Младинска школа * | поени |
|---|---|
| - Комплетна школа во сите категории | 25 |
| - Школа со неколку категории (некомплетна) | 20 |
| - Школа со само 1 категотрија | 15 |

| III - Масовност во клубот (во сите категории) | поени |
|---|---|
| - Над 100 членови | 35 |

| | |
|---|---|
| - од 50 до 100 членови | 15 |
| - од 25 до 50 членови | 10 |
| - до 25 членови | 5 |

*кои настапуваат во организирана форма на натпреварување

Оценување Група 2 - Кошарка, одбојка и ракомет
3 критериуми

| I - Јачина на првенство | поени |
|---|---|
| - Прва лига | 35 |
| - Втора лига | 20 |
| - Младинска лига | 10 |

| II - Младинска школа * | поени |
|---|---|
| - Комплетна школа во сите категории | 35 |
| - Школа со неколку категории (некомплетна) | 20 |
| - Школа со 2 категории | 10 |
| - Школа со само 1 категотрија | 5 |

| III - Масовност во клубот (во сите категории) | поени |
|---|---|
| - Над 100 членови | 30 |
| - од 50 до 100 членови | 15 |
| - од 25 до 50 членови | 10 |
| - до 25 членови | 5 |

*кои настапуваат во организирана форма на натпреварување

Оценување Група 3 - Останати спортови
3 критериуми

| I - Јачина на првенство | поени |
|---|---|
| - Прва лига | 35 |
| - Втора лига | 20 |
| - Турнирски систем (задолжителен) | 20 |
| - Турнирски систем (незадолжителен) | 15 |
| - Само младинска лига | 10 |
| - Не се натпреварува организирано | 5 |

| II - Младинска школа | поени |
|---|---|
| - Комплетна школа во сите категории | 35 |
| - Школа со неколку категории (некомплетна) | 15 |
| - Школа со само 1 категотрија | 5 |

| III - Масовност во клубот (во сите категории) | поени |
|---|---|
| - Над 100 членови | 30 |
| - од 50 до 100 членови | 20 |
| - од 25 до 50 членови | 10 |
| - до 25 членови | 5 |

Врз основа на освоените бодови, клубот/здружението добива соодветен процент од предвидените средства во секоја група одделно.

**СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

По донесување на одлуката за доделување на средствата и после јавното објавување, Општина Струмица и клубот/здружението кое има добиено финансиски средства, во рок од 15 дена од денот на одлуката, склучуваат договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Добиените средства во рамките на севкупниот планиран буџет ќе бидат префрлени на сметка на клубот/здружението и тоа на 3 (три) еднакви рати во текот на годината.

Клубовите/здруженијата кои имаат добиено финансиски средства поднесуваат годишен извештај за потрошените средства, најдоцна со поднесувањето на програмата за наредната година.

Конторола на потрошените финансиски средства врши овластениот инспектор за спорт при Општина Струмица.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Методологија влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1110/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства за тренери во спортските клубови на подрачјето на Општина Струмица

Се објавува Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства за тренери во спортските клубови на подрачјето на Општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1111/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................................

**25.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**М е т о д о л о г и ј а**
**за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства за тренери во спортските клубови на подрачјето на Општина Струмица**

Со оваа Методологија се утврдуваат критериумите, начинот и постапката за распределба на средствата од Буџетот на Општина Струмица за тренери во спортските клубови на подрачјето на Општина Струмица.

**ПРИМАТЕЛИ НА СРЕДСТВАТА**

Буџетските средства се распределуваат на спортските клубови кои настапуваат во организиран систем на натпреварување (првенство), односно најмногу до 10 (десет) клубови или тренери (еден клуб може да добие средства за еден тренер).

**ЈАВЕН ПОВИК ЗА ТРЕНЕРИ**

Распределба на средства за тренери во спортските клубови на подрачјето на Општина Струмица се врши врз основа на јавен повик (во натамошниот текст: повик), објавен од страна на Градоначалникот преку Одделението за јавни дејности за доделување на средства за тренери во спортските клубови на подрачјето на Општина Струмица, на веб страницата на општината и во средствата за јавно информирање. Јавниот повик се објавува на почетокот на календарската година (јануари и февруари).

Јавниот повикот содржи:

- Клубот да е формиран на територијата на Општина Струмица (Клубот доставува Тековна состојба),

- Тренерот кој аплицира да е невработен (доставува потврда од Агенција за вработување дека не е во работен однос),
- Тренерот приложува фотокопија од лична карта,
- Тренерот приложува документ за завршено образование, и
- Клубот приложува потврда од соодветната федерација или сојуз за докажување на рангот на натпреварување. (1-ва, 2-ра лига, младинска лига и тн).

Право на учество:

Фудбал: Прва, втора, трета лига и младински категории (само кои настапуваат во организиран систем на натпреварување) Клубовите од општинска фудбалска лига (4-та лига) немаат право да аплицираат на овој повик поради тоа што немаат тренажен процес во текот на годината

Кошарка: Прва, Втора лига и младински категории (само кои настапуваат во организиран систем на натпреварување)

Одбојка: Прва лига и младински категории (само кои настапуваат во организиран систем на натпреварување)

Ракомет: Прва лига, втора лига и младински категории (само кои настапуваат во организиран систем на натпреварување)

Останати спортови: Прва лига, втора лига, младински категории (само кои настапуваат во организиран систем на натпреварување)

Пријавите со непотполна документација или по истекот на определниот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

**КОМИСИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Стручна оценка и избор на клубови/здруженија на кои се доделуваат буџетски средства се врши од страна на Комисија за јавни повици (во понатамошниот текст Комисија) формирана од страна на Градоначалникот на општината. Комисијата ја сочинуваат три члена и нивни заменици. Во комисијата учествуваат претставници од општинската администрација. Комисијата ја именува градоначалникот на општина Струмица.

Мандатот на комисијата е 1 година, со право на реизбор.

Комисијата ги има следниве надлежности:

- Ја разгледува комплетната доставена документација од јавните повици;
- Изготвува записник и доставува до градоначалникот предлог бодовна листа со предлог финансиска поддршка согласно усвоените бодови, за донесување на одлука,
- Го задржува правото да отфрли некоја екипа поради некомплетна документација.

Општината ги објавува резултатите од огласот, како и целосниот извештај за распределените средства за календарската година на својата веб страна.

**ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА**

Одлуката за распределба на средствата ја донесува Градоначалникот на општина Струмица врз основа на предлог од Комисијата за распределба на средства, врз основа на утврдени критериуми.

Во рок од најмногу 8 (осум), дена по истекот на предвидениот рок за доставување на пријавите, Комисијата врши проценка и оценување на пристигнатите пријави по утврдените критериуми.

**СИСТЕМ НА БОДУВАЊЕ**

Комисијата за одлучување, на состанок заеднички доделува бодови за секој од критериумите одделно. Конечниот резултат претставува вкупниот број на поени од сите критериуми.

**Критериумите за оценување на апликантите:**

**Бодување: Апликантот може да освои најмногу 100 поени**

**Критериум 1**

| | |
|---|---|
| Тренерот да има завршено или да е апсолвент на ФФК | 30 поени |
| Тренерот да има лиценца од соодветната федерација | 25 поени |
| Тренерот да има завршено високо образование | 20 поени |
| Тренерот да има завршено средно образование | 10 поени |
| Тренерот да има завршено основно образование | 5 поени |

**Критериум 2**

| | |
|---|---|
| 18-26 години | 20 поени |
| 26-32 години | 15 поени |
| 32 + години | 5 поени |

**Критериум 3**

| | |
|---|---|
| Клубот настапува во 1-ва лига | 35 поени |
| Клубот настапува во 2-ра лига | 25 поени |
| Клубот настапува во 3-та лига | 15 поени |
| Клубот настапува во младински категории | 10 поени |

**Критериум 4**

Клубот каде што работи тренерот:

| | |
|---|---|
| Не наплаќа месечна членарина од спортистите | 15 поени |
| Наплаќа месечна членарина од спортистите | 0 поени |

Врз основа на освоените бодови, се врши рангирање и првите 10 (десет) клубови добиваат средства.

**СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

По донесување на одлуката за доделување на средствата и по јавното објавување, Општина Струмица и клубот кое има добиено финансиски средства, во рок од 7 дена од денот на одлуката, склучуваат договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Добиените средства во рамките на севкупниот планиран буџет на проектот ќе бидат префрлени на сметка на клубот и тоа на 10 (десет) еднакви рати во текот на годината.

Конторола на потрошените финансиски средства врши овластениот инспектор за спорт при Општина Струмица.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Методологија влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1111/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2016 година

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2016 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1112/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.............................................

**26.**

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15 и 193/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2016 година**

1. Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2016 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 15/15), во глава IV. Локална урбанистичка планска документација со која се уредува користењето на просторот вон планските опфати, во табелата по

реден број 19 се додава:

| Р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 20 | КП бр. 507/1 КО Просениково | |

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1112/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………………………

**27.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица

Се објавува Решението за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1113/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................................

**27.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈП „Паркиралишта-Струмица“ Струмица**

1. Од должноста членови во Управниот одбор на ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица, поради истек на мандат, се разрешуваат: Нетка Палазова, Гонца Танева, Никола Чачо, Антонио Атанасов и Влатко Симеоновски.

1. За членови во Управниот одбор на ЈП „Паркиралишта - Струмица“ Струмица, се именуваат:

- Гонце Китановска,
- Никола Чачо,
- Ѓорѓи Стојков,
- Славе Глигоров, и
- Костадин Сувариев.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1113/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за разрешување и именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица

Се објавува Решението за разрешување и именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1114/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...........................................

**28.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за разрешување и именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица**

1.Од должноста членови на Надзорниот Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Паркиралишта Струмица“ Струмица, поради истек на мандат, се разрешуваат: Елисавета Тренчева Ташурова, Марина Никова, Павлинка Волкановска, Александра Туфекчиева и Славчо Хаџиски.

2.За членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Паркиралишта-Струмица“ Струмица, се именуваат:

- Александра Туфекчиева,
- Емилија Најданова,
- Миле Милановиќ,
- Васко Чамовски, и
- Павлина Волкановска.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1114/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за одложување на донесување Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7152/6 КО Струмица

Се објавува Заклучокот за одложување на донесување Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7152/6 КО Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1115/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**29.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за одложување на донесување Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 7152/6 КО Струмица**

1. Се одложува донесувањето на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно замјиште на КП бр. 7152/6 КО Струмица, за да се изврши дополнителен увид.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1115/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.

……………........…………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за одложување на донесување Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 6512/8 КО Струмица

Се објавува Заклучокот за одложување на донесување Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 6512/8 КО Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 16.02.2016 година.

Бр.09-1116/2 Општина Струмица
17.02.2016 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.......................................

**30.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 16.02.2016 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за одложување на донесување Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на КП бр. 6512/8 КО Струмица**

1. Се одложува донесувањето на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на градежно замјиште на КП бр. 6512/8 КО Струмица, за да се изврши дополнителна консултација со ЕВН.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 08-1116/1 Совет на општина Струмица
17.02.2016 год. Претседател,
С т р у м и ц а Јосиф Христов с.р.